Врз основа на член 141 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009 и 48/2010), член 205 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.38/2005), Градоначалникот на Општина Свети Николе го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

На Месна Индустрија и Кланица ДОО Свети Николе  му се издава дозвола за усогласување со оперативен план.

**Образложение**

Месна Индустрија и Кланица ДОО Свети Николе на ден 28.01.2010 година до Општина Свети Николе, поднесе Барање за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план. По разгледување на поднесеното Барање и извршената посета на инсталацијата од страна на овластениот инспектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина Стефче Пејчиновски и Сашо Панев овластен за водење на постапката, беа констатирани одредени недостатоци, па со допис – заклучок бр.11-47/1-4 од 24. 03. 2010 година, се побара во рок од 20 дена Операторот да изврши дополнување на барањето.

На 25. 08. 2010 година, МИК доо Свети Николе до Општина Свети Николе достави Дополнување на Барање за добивање Б-дозвола за усогласување со оперативен план бр.0701-150 од 25.08.2010 година.

Од страна на Општина Свети Николе се изготви Нацрт – Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-47/1-11 од 30.08.2010 година и истиот се достави до МИК доо АД Свети Николе, со покана за состанок за водење на преговори.

На 02. 09. 2010 година е изготвен записник од состанокот на преговарачките тимови на Општина Свети Николе и МИК доо Свети Николе во врска со мерките од оперативниот план по нацрт – дозволата за усогласување со оперативниот план.

По завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, Општина Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев